Врз основа на член 108 и член 110 од Законот за високото образование на Р.Македонија (сл.весник 35/2008) и Статутот на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт "Г.Р.Державин" Свети Николе, Република Македонија, Управниот одбор на ден 01.04.2011 година донесе одлука за упис на студенти во учебната 2011/2012 година и го објавува следниот

# КОНКУРС

## за упис на студенти на прв циклус на студии на студиските програми во учебната 2011/2012 година на

**Факултетот за економика и организација на претприемништвото со насоки (Свети Николе и Битола)**

**1. Менаџмент на организација**

**2. Финансии и кредит**

**Факултет за психологија со насока (Свети Николе и Битола)**

**1. Општа психологија**

**Факултет за информатика со насоки (Свети Николе)**

**1. Софтверски технологии**

**2. Компјутерски системи и мрежи**

### 1.Број на студенти

На **Факултетот за економија и организација на претприемништвото** на прв циклус на студии во времетраење од четири години односно осум семестри во учебната 2011/2012 година ќе се запишат 300 редовни и 300 вонредни студенти.

На **Факултетот за психологија** на прв циклус на студии во времетраење од четири години односно осум семестри во учебната 2011/2012 година ќе се запишат 50 редовни и 50 вонредни студенти.

На **Факултетот за информатика** на прв циклус на студии во времетраење од три години односно шест семестри во учебната 2011/2012 година ќе се запишат 80 редовни и 20 вонредни студенти.

## 2.Услови и критериуми за упис

Право на запишување на прв циклус на студии имаат кандидатите со завршено четири годишно средно образование во државата и во странство со положена државна, училишна или меѓународна матура.

Право на запишување имаат и студенти од други акредитирани факултети, дипломирани лица и странски државјани (регулирано со закон).

Кандидатите се запишуваат како редовни или вонредни студенти со самофинансирање на студиите во износ од 1000 евра (за една учебна година) во денарска противвредност сметано по курс на НБРМ на денот на уплатата. При плаќање на партиципацијата во готово студентите добиваат попуст од 10%.

**Кандидатите се запишуваат без полагање на приемен испит.**

## 3.Рокови за пријавување и запишување

**Првиот уписен рок трае од 01.06.2011 година до 25.08.2011 година.** Во првиот уписен рок право на запишување имаат кандидатите со положена државна или меѓународна матура, студенти од други факултети и дипломирани лица. Листата на запишаните студенти ќе биде објавена на 31.08.2009 година.

**Вториот уписен рок трае од 01.09.2011 година до 14.09.2011 година.** Доколку во првиот уписен рок не се пополнат сите предвидени места во вториот уписен рок можат да се запишат и кандидатите со положена училишна матура, студенти од други факултети и дипломирани лица. Листата на запишаните студенти ќе биде објавена на 15.09.2011 година.

## 4.Потребни документи за запишување

При пријавувањето за упис на прв циклус на студии во учебнта 2009/2010 година, кандидатите ги поднесуваат следните документи:

Диплома за завршено средно образование и доказ за положена државна, училишна или меѓународна матура;

Свидетелства од сите години;
Извод од матична книга на родените;
Фотокопија од лична карта;
4 мали фотографии во боја;

Документите за пријавување се поднесуваат во просториите на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Институт “Г.Р.Державин” Свети Николе Република Македонија во Свети Николе на ул.Маршал Тито бр.77 и Битола на ул.Новачки пат б.б.

За подетални информации занитересираните кандидати можат да се обратат на тел. 032/440-330. 032/440-202, 047/222-503, 047/238-077 или на електронската пошта info@slavinst.edu.mk и msibitola@yahoo.com.